Архивски број: 08-357/9
18-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-357/1 од 15.05.2023 година, поднесена од група на лица вработени во општина Радовиш против градоначалник на општина Радовиш, Ацо Ристов, [redacted] на општина Радовиш [redacted] и [redacted], за сторена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 18.09.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА директна дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус сторена од општина Радовиш, односно од градоначалникот на општина Радовиш, Ацо Ристов врз вработените во општина Радовиш, [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 15.05.2023 година е доставена претставка бр. 08-357/1 од страна на група вработени во општина Радовиш, [redacted]

Подносителите, тврдат дека врз нив е сторена дискриминација со тоа што се ставени во понеповолна положба, односно со нив се постапувало нееднакво во однос на друга група на вработени во општина Радовиш од страна на градоначалникот Ацо Ристов, [redacted] човечки ресурси во општината [redacted], а во врска со остварување на право на јубилејна награда.

Имено, дел од вработените во општина Радовиш [redacted] поднеле барања за јубилејни награди согласно Колективниот договор на општина Радовиш бр. 03.1619/1 од 25.10.2022 година, по потпишувањето на истиот. Истите добиле решенија за исплата на јубилејни награди, но наместо согласно член 40 од Колективниот договор, решенијата им биле донесени согласно Правилник за доделување јубилејна награда бр. 37-1033/1 донесен на 03.06.2022 од страна на градоначалникот на општина Радовиш. Согласно овој Правилник им се одобрило исплата на 20%, 30% и 40% од просечната нето месечна плата по работник исплатена во претходната година во РСМ за 10, 20, односно 30 години непрекината работа во општината, во зависност од должината на нивниот работен стаж.

Споредбено со нив, на друга група на вработени им се изготвиле Решенија за исплата на јубилејна награда согласно Колективниот договор, со кои им се одобрува исплата на јубилејна награда за 10 години 100% , за 20 години 150%, за 30 години 200% и за 40 години 200% од просечната нето месечна плата исплатена во претходната година. Па оттука, за двајца вработени со иста должина, односно со 10 години работен стаж, на едниот би му се исплатило 6.373,00 денари, а на другиот вработен 31.589,00 денари.

Подносителите сметаат дека со таквиот чин е направена неоснована поделба на вработените, со што се ставени во нееднаква положба, односно се дискриминирани.

Кон претставката имаат приложено копии од Барање до Градоначалникот, Колективен договор, Исплата на јубилејна награда од билтен, како и две различни решенија за исплата на јубилејна награда за вработени со 10 години работен стаж бр. 04-267/47 од 11.05.2023 година и 04-267/40 од 09.05.2023 година.

Врз основа на Барање на Комисијата бр. 08-357/4 за изјаснување по претставката, на 15.06.2023 година општина Радовиш се изјасни за наводите во претставката со Известување бр. 04-267/97 од 13.06.2023 година од [redacted]

Според општина Радовиш, односно секретарот на општината, со донесените решенија за исплата на јубилејна награда на именуваните вработени во претставката, не е сторена никаква повреда, погрешна примена на материјалното право и нееднаков третман, односно дискриминација од причини што некои од подносителите на

претставката поднеле барање за исплата на јубилејна награда во 2022 година, во кој момент општината немала никаков општ акт за утврдување на висината и основицата на јубилејната награда.

По дел од доставените барање за исплата на јубилејна награда општината, односно градоначалникот донесува Правилник за доделување на јубилејна награда број 37-1033/1 од 03.06.2022 година со кој се утврдуваат условите, критериумите и висината на јубилејната награда во паричен износ, бидејќи како што се истакнува „на ниво на работодавец-Општина Радовиш немаше склучено колективен договор со кој ќе биде регулирана исплатата на јубилејната награда, а бидејќи сите вработени именувани во претставката ги исполнуваа условите согласно погоренаведениот Правилник добија решенија за исплата на јубилејна награда.“.

Се наведува дека „во конкретните случаеви не може да се примени колективниот договор од причини што тој стапува во правна сила и со правно дејство со денот на склучувањето 25.10.2022 година а тие го исполнуваа условот за добивање на јубилејна награда пред стапување во правна сила на колективниот договор во кој период општината има правилник за доделување на јубилејна награда а колективниот договор стапува ва правна сила и произведува правна дејство од денот на склучувањето 25.10.2022 година.“. За разлика од нив, другите вработени кои ги исполнувале условите по стапување во правна сила на Колективниот договор добиле решенија за исплата на јубилејна награда согласно истиот.

Во прилог на горенаведеното Известување, во копии се доставени Решение бр. 04-267/18 од 10.03.2023 година, Жалба до Агенција за администрација заведена под бр. 09-364/1 од 13.03.2023 година од [redacted] и Одлука бр. 09-364/6 од 06.04.2023 година од Агенција за администрација.

Комисијата со Барање бр. 08-357/6 од 23.06.2023 година и побара дополнителни податоци од општина Радовиш, а по кое барање не беше постапено од страна на општината.

Дополнително, Комисијата на 13.09.2023 година изврши увид во простории и документација на општина Радовиш, во присуство на [redacted] на сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи и [redacted] со цел да се овозможи увид во документацијата за вработени во општината во однос на стекнување и остварување на право на јубилејна награда. По извршениот увид претставниците на општината беа задолжени да ја достават бараната документација за увид, односно да достават список на вработените со име и презиме, издадени решенија за јубилејна награда, податок за тоа во која година го стекнале предметното право, барањата кои овие лица ги поднеле до општината за да го остварат правото.

Бараните податоци општина Радовиш ги достави до Комисијата на 18.09.2023 година со допис бр. 37.267/108 од 17.09.2023 година. Со дописот се доставени список на вработени за кои се донесени решенија за исплата на јубилејна награда по Колективен договор на Општина Радовиш за [redacted] правото го остварува на 07.07.2013 година; [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

година, правото го остварува на 07.07.2013 година; [redacted] 22.11.2012 година, правото го остварува на 21.11.2022 година; [redacted], правото го остварува на 30.11.2022; [redacted] правото го остварува на 13.01.2023 година, со приложени решенија за истите, како и список на вработени за кои се донесени решенија за исплата на јубилејна награда по Правилник за доделување на јубилејна награда, и тоа за [redacted] година; [redacted] година; [redacted] правото го остварува на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година, [redacted] година; [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted] година, правото го остварува на [redacted] правото го остварува на [redacted] година; [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted] вработен на 18.01.2011 година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted] на 01.03.2012 година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted] вработен на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted], вработен на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted], вработен на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година; [redacted] вработен на [redacted] година, правото го остварува на [redacted] година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата утврди дека општина Радовиш, односно градоначалникот на општина Радовиш, Ацо Ристов, сторил директна дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус врз подносителите на претставката како вработени во општина Радовиш.

Имено, согласно член 113 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021, 288/2021 и 111/2023) кој се однесува на надоместување на трошоците поврзани со работата, со ставот 2 се утврдува дека работникот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди. Ставот 3 од истиот член утврдува дека висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и колективен договор.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 12 ставови 2 и 3 од Законот за работните односи се утврдува принципот на поволност за работниците, според кој *со договорот за вработување, односно со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон,* како и *со договорот за вработување, односно со колективен договор може да се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон,* додека согласно ставот 4 од истиот член *правата од работен однос утврдени со Уставот, закон и колективен договор не можат да се одземаат или ограничат со акти и дејствија на работодавачот.*

Следствено, согласно член 32 став 5 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ" бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), *остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.* Во таа насока, согласно член 1 став 2 од Законот за работните односи, *работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.*

Согласно членот 52 став 4 од Уставот на РСМ, *законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.*

Паричните побарувања од работен однос, согласно член 115 од Законот за работните односи, застаруваат во рок од три години од денот на настанувањето на обврската.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврдува дека *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, *директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Комисијата утврди постоење на две групи на вработени лица во општина Радовиш. Една група на вработени на кои им е овозможено остварување на правото на јубилејна награда согласно Правилник за доделување јубилејна награда бр. 37-1033/1 од 03.06.2022 година како акт на работодавачот и друга група на вработени на кои им


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

е овозможено остварување на истото право согласно Колективниот договор на општина Радовиш бр. 03.1619/1 од 25.10.2022 година, а кое право согласно истиот колективен договор е парично изразено во износ повисок од паричниот износ определен со Правилникот. Работодавачот со дејствијата кои ги презел, односно со решенијата кои ги донел, постапил понеповолно со првата група на вработени во однос на втората група на вработени, на начин што спротивно на законските одредби на првата група на вработени им овозможил остварување на право на јубилејна награда согласно еднostран акт на работодавач, иако од законските одредби јасно произлегува дека остварувањето на ова право се уредува единствено со закон и со колективен договор. Во конкретниот случај, работодавачот и покрај тоа што овој факт му бил познат, сепак на подносителите на претставката не им овозможил правото на јубилејна награда да го остварат согласно колективниот договор. Работодавачот бил должен доследно да ги примени важечките прописи во конкретниот случај и во независно од тоа кога бил склучен Колективниот договор на општина Радовиш, односно дали пред или после тоа вработените се стекнале со правото на јубилејна награда, истиот да го земе во предвид како единствен пропис врз основа на кој треба да им го признае и овозможи остварувањето на предметното право и на вработените во општината Радовиш кои се стекнале со правото пред влегувањето во сила на колективниот договор, во согласност со членот 115 од Законот за работните односи, а во врска со членот 52 став 5 од Уставот на РСМ. Напротив, истиот постапил спротивно на член 12 став 4 од Законот за работните односи, донесувајќи го и применувајќи го горенаведениот Правилник. Во смисла на одредбите од членот 12 од Законот за работните односи, во однос на принципот на поповолност и во врска со членот 1 став 2 од истиот закон и членот 32 став 5 од Уставот на РСМ, јасно произлегува дека работните односи, а пред се правата од работен однос се предмет на уредување исклучиво на закон, колективен договор и договор за вработување.

Дотолку што, видно од дописот бр. 37.267/108 од 17.09.2023 година, сите решенија за исплата на јубилејна награда за вработените од двете групи биле донесени во 2023 година, по склучувањето на Колективниот договор и неговото влегување во сила на 25.10.2023 година.

Оттука, општина Радовиш, односно градоначалникот на општината како работодавач со своето постапување ги ставил подносителите на претставката во понеповолна положба во однос на другите вработени во општината со кои биле во иста фактичка состојба во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што ја прекршил забраната предвидена во членот 5 од истиот закон, дискриминирајќи ги подносителите врз основ на лично својство и општествен статус, односно вработени со определен работен стаж во однос на остварување на јубилејна награда како лично својство и како заштитна карактеристика која ги разликува од другата група вработени

.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА општина Радовиш, односно градоначалникот Ацо Ристов, во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со оваа препорака, да обезбеди еднаков третман кон вработените во општина Радовиш, [redacted], со тоа што ќе им обезбеди на еднаква основа да го остварат правото на јубилејна награда како и останатите вработени кои го оствариле истото согласно Колективниот договор на општина Радовиш и за тоа да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА општина Радовиш, односно градоначалникот [redacted] во иднина да постапува подеднакво кон сите вработени без разлика на нивното лично својство и општествен статус или било кој друг дискриминаторски основ.

НАПОМЕНА: Доколку препораката не е исполнета во предвидениот рок, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаиљ Камбери

*Доставено до:*
*1. Подносителите*
*2. Општина Радовиш*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk